ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 04- 1255/16
Датум: 21.03.2022
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.257/19, 14/20 и 215/21 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – УПР0101Б02000, Раководител на Сектор за дејности од јавен интерес , се избира кандидатот Гордана Стојчевска Зафировска.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 07.03.2022 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место – Раководител на Сектор за дејности од јавен интерес. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04–1255/5 од 16.02.2022 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 04-1255/15 од 21.03.2022 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.
Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

Изготвил:

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Неделчо Крстевски

Доставено до:
- Именуваниот,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk; sekretar@karpos.gov.mk